Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 09.11.2020

На 07 и 08.11.2020, во периодот од 16.00 до 22.00 часот, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола на подрачјето на СВР Битола спровеле акциска контрола на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. Притоа, кај 28 возачи било утврдено присуство на алкохол и тие бил исклучени од сообраќај, а против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 08.11.2020 во 09.40 часот, З.Ѓ.(63) од Виница пријавил дека во атар на с.Црн Камен, виничко, на место викано „Камена трага", пронашол неексплодирана граната калибар 75 мм, од Првата светска војна. Гранатата била подигната од Дирекцијата за заштита и спасување-Виница за понатамошна постапка.

На 08.11.2020 година во периодот од 16.00 до 22.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена ациска контрола за откривање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Во акцијата се откриени 24 прекршоци, кои се соодветно санкционирани.

На 08.11.2020 во 15.23 часот, И.Д. пријавил дека во Битола, во близина на мостот во населбата Баир, при изведување градежни работи, пронашол неексплодирана артилериска граната калибар 75 мм од Првата светска војна. Гранатата била подигната од Дирекцијата за заштита и спасување - Битола за понатамошна постапка.

На 08.11.2020 од 16.00 до 22.00 часот на подрачјето на СВР Велес спроведена е контрола на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол, при што се регистрирани осум прекршоци, од кои два во Кавадарци и шест прекршоци во Неготино. На возачите ќе бидат поднесени соодветни пријави.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.З.(56) од с.Одри, тетовско,поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија".На 02.11.2020 на регионалниот пат Тетово-с.Јажинце,кај с.Лешок, тетовско,полициски службеници сопреле комбе, сопственост на фирма – автопревозник од с.Одри,тетовско,управувано од А.З..При контролата, било констатирано дека во возилото имало повеќе патници од дозволеното,според пропишаните протоколи за време на епидемија.

СВР Штип на 07.11.2020 во периодот од 16.00 до 21.00 часот и на 08.11.2020 во периодот од 16.00 до 22.00 часот, спроведе акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола кај 23 лица било утврдено присуство на алкохол и сите биле исклучени од сообраќај. Санкционирани се и 76 останати прекршоци.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.С.(39) од Тетово,поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пренесување заразна болест". И покрај тоа што на А.С. му  било издадено решение за изолација од Државен санитарен и здравствен инспекторат,тој не ги почитувал мерките на изолација и на 03.11.2020,при извршена контрола од страна на полициски службеници,не бил затекнат во неговиот дом.

На 08.11.2020, Х.В.(63) од с.Десово, Ропотово, пријавил дека на место викано „Борој", помеѓу селата Дреновци и Десово, додека се движел во шумата, бил погоден од куршум, по што отишол во Општата болница „Борка Талески" во Прилеп, каде му била констатирана повреда. За настанот е известен Јавен обвинител и се преземаат мерки за негово расчистување.

На 08.11.2020 во 15.20 часот од Комплекс клиники „Мајка Тереза" -Скопје било пријавено дека кај нив бил донесен А.Р.,со тешки телесни повреди,здобиени додека бил на работа во фирма во Скопје. По излегување на местото на настанот,од полициски службеници од СВР Скопје било констатирано дека А.Р. бил повреден од друг вработен во фирмата,М.С.(22) од с.Визбегово, скопско. М.С. бил приведен и се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 08.11.2020 во 22.00 часот,С.Б.(42) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од И.С.(18) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 09.11.2020 во 05.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во казино на ул„ Иван Хаџиниколов",С.А.(45) од Скопје оштетил апарат за игра на среќа.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.11.2020 во 18.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Орце Николов" две лица со закана одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Л.Ф.(81) од с.Пршовце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пренесување заразна болест". И покрај тоа што на Л.Ф. му било издадено решение за изолација од Државен санитарен и здравствен инспекторат, тој не ги почитувал мерките на изолација и на 10.10.2020 од страна на полициски службеници бил забележан како се движи со возило низ селото.

На 08.11.2020 во 15.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Ѓ.Б.(36) од с.Рашче, скопско, пријавил дека од дома се оддалечил неговиот внук Ѓ.Б.(17) од с.Рашче. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 08.11.2020 во 22.00 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници го лишиле од слобода С.С.(21) од с.Кондово, скопско, затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. При извршен преглед кај него бил пронајден нож. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет